Република Северна Македонија
Министерство за социјална политика, демографија и млади

# НАГРАДА ЗА ПАРТНЕРИ НА МЛАДИТЕ

## ПОВИК ЗА НОМИНАЦИИ НА СЛУЖБЕНИЦИ ЗА МЛАДИ

### I. ЗА НАГРАДАТА

Министерството за социјална политика, демографија и млади (МСПДМ) и Националниот младински совет на Македонија (НМСМ) во партнерство со Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), оваа година за прв пат ја доделуваат Наградата за партнери на младите.

Наградата има за цел да ја препознае, истакне и промовира посветеноста на службениците за млади кои преку својата работа, ангажман и посветеност придонесуваат кон подобрување на младинските политики, поддршка на младинските иницијативи и воспоставување на функционална комуникација помеѓу младите и институциите.

Службениците за млади имаат клучна улога во приближувањето на институциите до младите, обезбедувањето информации и поддршка, како и креирањето можности младите активно да учествуваат во локалниот развој и општествените процеси.

Преку оваа награда, се препознаваат оние службеници кои ја надминуваат формалната улога на својата позиција и се вистински партнери на младите.

### II. УСЛОВИ ЗА НОМИНАЦИЈА

За Наградата за партнери на младите – категорија Службеник за млади, може да биде номинирано лице кое ги исполнува следните услови:

- Да биде назначено како службеник за млади во рамки на институција/единица на локална самоуправа согласно важечките прописи најмалку шест месеци пред денот на објавување на овој повик;
- Да има активен ангажман поврзан со работа со млади;
- Да придонесува кон подобрување на комуникацијата и соработката помеѓу младите и институциите;
- Да има реализирано активности, иницијативи или процеси кои имаат позитивно влијание врз младите;
- Да покажува посветеност кон принципите на младинско учество, еднакви можности и инклузивност.

Номинацијата може да биде поднесена од:

- лично;
- форми на младинско организирање;
- неформални младински групи;
- институции;
- други релевантни чинители или поединци кои имаат директно искуство со работата на номинираниот службеник за млади.

## III. КРИТЕРИУМИ ЗА НОМИНАЦИЈА

При поднесување на номинацијата, потребно е да се земат предвид следните критериуми:

- кандидатот покажува активна посветеност во поддршка на младите, нивните потреби и иницијативи.
- кандидатот придонесува кон зголемување на можностите младите да бидат информирани, консултирани и вклучени во процесите на донесување одлуки.
- кандидатот активно придонесува кон спроведување активности, мерки или механизми кои го подобруваат статусот и можностите за младите.
- кандидатот воспоставува и унапредува соработка со младински организации, организации за млади, неформални младински групи и други релевантни чинители.
- кандидатот покажува иницијативност, развива нови пристапи и придонесува кон подобрување на услугите и можностите достапни за младите.
- работата на кандидатот има забележливи и мерливи резултати и позитивно влијание врз младите и заедницата.

## IV. НАГРАДА

Наградата за партнери на младите има за цел да го препознае, истакне и валоризира придонесот на номинираните кандидати кои преку својата работа и ангажман создаваат позитивни промени за младите и придонесуваат кон унапредување на младинското учество и партнерството со младите.

Наградата се состои од финансиска поддршка за професионална или академска надградба во полето на работа со млади и/или техничка опрема за службеникот за млади и in-kind поддршка за реализација на локална иницијатива за млади.

## V. НАСОКИ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НОМИНАЦИЈА

Номинациите се поднесуваат преку пополнување на формулар на следниот линк:

- **НОМИНАЦИЈА ЗА СЛУЖБЕНИК ЗА МЛАДИ**

Кон номинацијата може да се приложат писма за поддршка или препорака со наративен опис на придонесот и работата на номинираниот службеник за млади како и извештаи, документи и други докази за работата на службеникот за млади.

Рокот за поднесување на номинации е до **29 јули 2026, 23:59 ч**.

## VI. КРИТЕРИУМИ И ПОСТАПКА ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

По завршувањето на процесот за поднесување номинации, сите пријави ќе бидат разгледани согласно технички критериуми, со цел да се утврди дали ги исполнуваат основните услови за понатамошно разгледување.

Поднесените номинации ќе бидат разгледани и оценувани од страна на комисија составена од претставници на Министерството за социјална политика, демографија и млади, Националниот младински совет на Македонија и Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП).

Оценувањето ќе се врши согласно следните критериуми:

- Релевантност и квалитет на образложението на номинацијата;
- Степен на придонес кон подобрување на положбата и можностите за младите;
- Докази за конкретни резултати и влијание;
- Ниво на соработка со младите и младинските чинители;
- Иновативност и одржливост на пристапот.

Комисијата може да побара дополнителни информации или појаснувања доколку е потребно.

Одлуката за добитникот на наградата ќе биде донесена врз основа на вкупната оценка на номинацијата и придонесот на кандидатот кон градење партнерство со младите.

Резултатите ќе бидат објавени во рамки на официјалниот настан на 12 август 2026 година по повод Меѓународниот ден на млади.

Комисијата ќе ги оценува номинациите според однапред утврдени критериуми, распоредени во следните категории:

| Категорија | Критериум | Максимален број бодови |
|---|---|---|
| **1. Посветеност и ангажман за младите** *(најмногу 30 бодови)* | Демонстрирана посветеност во работата со млади и разбирање на потребите и предизвиците со кои се соочуваат младите | 10 |
| | Достапност, поддршка и активно посредување помеѓу младите и институциите | 10 |
| | Преземени активности и иницијативи надвор од основните работни обврски со цел поддршка на младите | 10 |
| **2. Придонес кон младинско учество и младински политики** *(најмногу 30 бодови)* | Придонес кон вклучување на младите во процеси на консултација, одлучување и креирање политики | 10 |
| | Поддршка на младински иницијативи, младински организации и неформални младински групи | 10 |
| | Придонес кон подобрување на услугите, механизмите и можностите достапни за младите | 10 |
| **3. Соработка и градење партнерства** *(најмногу 20 бодови)* | Воспоставена соработка со младински организации, институции и други релевантни чинители | 15 |
| | Создавање доверба и позитивна комуникација со младите и младинската заедница | 5 |
| **4. Иновативност и влијание** *(најмногу 20 бодови)* | Иновативни пристапи, нови идеи и подобрување на начинот на работа со младите | 10 |
| | Видливи резултати, влијание и одржливост на преземените активности | 10 |
| **Вкупно бодови** | | **100** |

## VII. ВРЕМЕНСКА РАМКА

| | |
|---|---|
| ПОВИК ЗА НОМИНАЦИИ | 15 ЈУЛИ 2026 |
| РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА НОМИНАЦИИ | 29 ЈУЛИ 2026 |
| РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА НОМИНАЦИИ И ИЗБОР | 29-31 ЈУЛИ 2026 |
| ИЗВЕСТУВАЊЕ НА ДОБИТНИЦИ | 5-10 АВГУСТ 2026 |
| НАСТАН ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДАТА | **12 АВГУСТ 2026** |

* Горенаведените датуми се подложни на промена